# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РОМСКАТА СОВЕТОДАВНА ГРУПА НА ГРАЃАНИ (Р С Г Г) ОД ПРОБИШТИП ЗА 2009 г.

**Септември 2008**

## Визија на РССГ:

"Ромите да се интегрираат и да станат рамноправен и активен чинител во развојот на Пробиштип"

## Мисија:

Ромска Советодавна Група на Граѓани (Р С Г Г) е репрезентативна и оперативна група и ги застапува интересите на Ромската заедница пред локалната администрација и институции и има улога на активен фактор за социјална инклузија на Ромите.

## Области на делување:

- **Редовна комуникација со граѓаните Роми**
- **Идентификација и иницијативи за решавање на локалните проблеми на Ромската заедница**
- **Презентирање и застапување на интересите на Ромската заедница во Пробиштип**

## Приоритети за 2009 г.:

***Подобрување на инфраструктурата***

1. Да се асфалтираат, да се постави канализација и осветлување во Ромските населби Драч, Лиса Гара, и Калниште.

***Зголемување на бројот на вработени Роми***

2. Да се подобри информираноста и да се обезбеди потребниот профил (знаења и вештини) на Ромите кои бараат вработување заради нивно рамноправно интегрирање на берзата на трудот (фирмите на локално ниво).

***Подобрување на образованието на Ромите***

3. Да се зголеми опфатот во формалното образование на Ромите кои не го комплетираат основното образование а се на возраст од 7 - 15 години и не го посетуваат задолжителното образование.

## ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ

Во 2008 година, РСГГ од Пробиштип најголем приоритет му дава на еден горлив проблем од областа на инфраструктурното уредување на градот и тоа:
**Улиците во Ромските населби  Драч, Лиса Гара, и Калниште се целосно неасвалтирани, неосветлени и нема канализација.**

Исто така констатирана е потреба од зголемување на бројот на вработени Роми. Конкретниот проблем е:
**Невработените Роми од Пробиштип без преквалификација и доквалификација не се во можност да се интегрираат во локалната берза на трудот.**

Во областа на образованието на Ромите, констатирано е дека дел од децата не се запишани а постои и осипување на запишаните ученици така да конкретниот проблем е:
**Значителен број на деца Роми на возраст од 7 до 15 години не се опфатени во образовните институции.**

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на инфраструктурата***

**Цел 1**. Да се постави канализација, да се асфалтираат и осветлат Ромските населби  Драч, Лиса Гара, и Калниште во 2009 година.

**Задача:** Поставувањето канализација, асфалтирањето и осветлувањето на Ромските населби  Драч, Лиса Гара, и Калниште да влезат во годишната програма на Општината за 2009 година.

***Зголемување на бројот на вработени Роми***

**Цел 2**. Да се подобри информираноста и да се обезбеди потребниот профил (знаења и вештини) на Ромите кои бараат вработување заради нивно рамноправно интегрирање на берзата на трудот (фирмите на локално ниво).

**Задача:** Преквалификација и доквалификација на 50 невработени Роми според потребитена берзата на трудот, од вкупно евидентираните 90, во Агенцијата за вработување во периодот 2009 година.

***Подобрување на образованието на Ромите***

**Цел 3**. Да се зголеми опфатот во формалното образование на Ромите кои не го комплетираат основното образование а се на возраст од 7 - 15 години не  го посетуваат задолжителното образование.

**Задача:** Во 2009 година најмалку 40% од вкупно 20 деца од руралните селски населби да се вклучат во образовниот процес (продолжување и запишување на ученици).

## АКТИВНОСТИ

За да иницира решавање на инфраструктурните проблеми на дел од Ромската популација во Пробиштип, РСГГ ќе подготви и ќе достави Барање до Советот на Општината постави канализација, да се асфалтираат и осветлат Ромските населби  Драч, Лиса Гара, и Калниште во 2009 година.
Подобрувањето на информираноста и обезбедувањето на потребните профили на кандидатите Роми кои бараат вработување заради нивно рамноправно интегрирање на берзата на труд ќе се оствари така што  Агенцијата за вработување ќе реализира активности (обуки) заради преквалификација и доквалификација на 50 од вкупно 90 невработени Роми според потребите во периодот 2009 година.
РСГГ ќе организира состаноци со претставници на Агенцијата за вработување на Р.М. текот на целата 2009 година.
За да се зголеми опфатот во формалното образование на Ромите кои не го завршуваат основното образование или пак се на возраст од 7 - 15 години а не  го посетуваат задолжителното образование РСГГ во 2009 година ќе се злага најмалку 40% од вкупно 20 деца од руралните селски населби да се вклучат во образовниот процес (продолжување и запишување на ученици).
Ќе се одржува редовна комуникација со советникот за образование во локалната самоуправа, ќе се посетуваат семејствата и директно ќе се соработува со училиштата.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ОБЛАСТИ

***Подобрување на инфраструктурата***

- Донесена одлука на Советот на Општина Пробиштип за поставување канализација, асфалтирање и осветлување на Ромските населби  Драч, Лиса Гара, и Калниште во тек на 2009 година.
- Асвалтирани улиците во Ромските населби Драч, Лиса Гара и Калниште.
- Поставена канализација во Ромските населби Драч, Лиса Гара и Калниште.
- Осветлени улиците во Ромските населби Драч, Лиса Гара и Калниште.

***Зголемување на бројот на вработени Роми***

- Рамноправно интегриран дел од Ромската популација на берзата на труд.
- Агенцијата за вработување ќе обучи преку преквалификација и доквалификација 50 од вкупно 90 невработени Роми според потребите во периодот 2009 година.

***Подобрување на образованието на Ромите***

- Ќе се зголеми опфатот во формалното образование на Ромите кои не го комплетираат основното образование а се на возраст од 7 - 15 години и не  го посетуваат задолжителното образование.
- Најмалку 40% од вкупно 20 деца од руралните селски населби ќе се вклучат во образовниот процес (истото ќе го продолжат или ќе се запишат).

## Календар на активности на РСГГ од Пробиштип за 2009 г.

| | месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | јануари | февруар | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| Редовни месечни состаноци на РСГГ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локалната самоуправа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Редовни информативни состаноци со Агенцијата за вработување | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Редовни информативни состаноци со Училиштата | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Информативни состаноци со локални медиуми | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Состаноци со Ромската заедница | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Посети на ромски семејства | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Доставување на Барање до Советот на Општина Пробиштип за поставувањето канализација, асфалтирањето и осветлувањето на Ромските населби Драч, Лиса Гара, и Калниште да влезат во годишната програма на Општината за 2009 година. | | X | X | | | | | | | | | |
| Иницирање за изработка на технички проект за поставување канализација, асфалтирање и осветлување на Ромските населби Драч, Лиса Гара, и Калниште во текот на 2009 г | | | | X | X | | | | | | | |
| Подготовка на програма за работа на РСГГза 2010 г. | | | | | | | | | X | | | |
| Евалуација на програмата за 2009 г | | | | | | | | | | | | X |